СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-2010/2

15.08.2024 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 37-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 15.08.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 9 часот

Седницата во 9 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Миѓен Зендели, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Сибел Туфекџи, Агим Садику, Абдула Сејдини и Валбона Адили Емини.

На седницата беше присутен и Бојан Стојкоски- нов член на советот на општина Кичево.

Отсутни беа советниците: Арѓен Асани и Фортеса Сејдини

На седницата беа присутни и Валдет Селими, Беким Мустафај, Бујар Весели, Фјола Алиу -претставници од општинската администрација.

**Претседателот на советот** информира дека записникот од предходната 36-та седница не бил преведен поради краткото време и тој ќе биде ставен на усвојување за следната седница.

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Предлог Одлука за прекин на мандатот од член на советот на Општина Кичево.
2.Верификација на мандатот од новиот член на советот на Општина Кичево.
-Извештај од Верификациона комисија.
-Потпишување на Свечена Изјава.
3.Квартален Извештај на Општина Кичево за вториот квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024.
4.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе Измена на урбанистичка документација на с. Подвис- Кичево заради вклопување на бесправен објект.
5.Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево.
6.Предлог Одлука за давање на позитивно мислење за Годишниот план за вработување на Општина Кичево за 2025 г.
7.Квартален Извештај за приходите и расходите на ЈПК ,,Комуналец,, за вториот квартал.
8. Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Милто Гура,, за 2024-2025 година.
9.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ ,,Санде Штерјоски,, за 2024-2025 година.
10. Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ ,,Реџо Рушити Зајази,, за 2024-2025 година.
11.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Христо Узунов,, за 2024-2025 година.
12.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ, ,,Фаик Коница,, за 2024-2025 година.
13.Усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу,, за учебната 2023-2024 година.
14 Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ ,,Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу,, за 2024-2025 година.
15.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ ,,Кузман Јосифоски Питу,, за 2024-2025 година.

16. Разно.

**Претседателот на совет Скендер Џабири** откако го прочита Дневниот ред отвори дискусија за него.

**Агим Садику**- Ги поздрави присутните и даде забелешка зошто не се одржала Комисијата за финансии и буџет и тоа веќе било втор или трет пат, а 3-та и 7-та точка биле од надлежност на таа комисија. Информира дека како член на таа комисија и член на Советот смета дека требало да се одржи таа комисија. Одржувањето на комисија е законска должност и на неа треба да се разгледаат точките. Во записниците можело да се види дека веќе било пракса да не се одржуваат комисисите пред седниците.Поради неодржувањето на комисија побара 3-та и 7-та точка да се повлечат од дневниот ред за оваaa седница.

**Претседателот на советот**- Информира дека 7-та точка била од ,,,Комуналец,, , а 3-та од општината и требало да се одржи комисија. Истакна дека комисијата не се одржала, поради тоа што некои биле на годишен одмор, а и Лазе веќе не бил тука.

**Агим Садику**- Информира дека барал да се почитува Законот, кој овде не се почитувал. Како прво Комисијата за финансии и буџет не се одржала и затоа бара да се повлечат точките од дневен ред. Како второ, поради општата ситуација која е создадена, за работите кои се случувале за канализациите на ниво на општина, побара еден преставник од општинската администрација или Градоначалникот да дојде на седницата и даде извештај или да информира. Истакна дека за барањето во точката Разно од предходната седница, можело да се повика Фисник за да информира за ситуацујата што се случува со канализацијата, за кое требало и писмено да ги известат, но не биле известени. Побара, да бидат известени за тие точки, а со тоа и граѓаните ќе бидат поинформирани, бидејќи и тие го барале тоа.

**Тефик Лутвиу**- Како претседател на комисијата за финансии информира дека таа комисија пред поранешните седници била закажувана, но немало кворум, немало интерес од членовите, не иделе на седница на комисија, затоа побарал да не се одржаи комисија. Во право бил Агим

требало да се одржи комисија, но на досегашните закажани седниците на комисија присуствувале по двајца членови, немало кворум и не се одржувале.

**Агим Садику**-Информира дека тоа не било образложение и дека претседателот сепак требало да закаже комисија, а дали ќе се одржи или не, тоа потоа било друга работа, но постапката требало да се испочитува. Истакна дека имало прашања кои можеле да се разгледаат и решат подобро на седница на комисија со преставник од комисијата за финансии, отколку на совет. Затоа и биле формирани комисиите и тие требало да бидат функционални.

**Претседателот на советот** -Информира дека на совет повторно се одлучувало за точките, без разлика дали се одржала или не се одржала комисија.

**Агим Садику**- Информира дека тоа не било образложение.

**Претседателот на советот** го стави на гласање предлогот од советникот Агим Садику да се повлечат 3-та и 7-та точка од дневниот ред и тој не се усвои со 8 гласа ЗА. Потоа, Претседателот на советот го стави на гласање и да не се повлечат 3-та и 7-та точките од дневен ред и истиот се усвои со 10 гласа ЗА, 1 глас ВОЗДРЖАН.

**Валентина Лазаревска**- Побара да се повлечат 8-та и 10-та точка од дневниот ред, бидејќи не биле комплетни програмите на средните училишта, имале многу пропусти, не биле изготвени според дадениот образец и имало несериозност од директорите во нивното изготвување.

**Претседателот на советот** го стави на гласање предлогот од советникот Валентина Лазаревска да се повлечат 8-та и 10-та точка од дневниот ред и тој не се усвои со 7 гласа ЗА. Потоа, Претседателот на советот го стави на гласање и да не се повлечат 8-та и 10-та точка од дневниот ред и истиот се усвои со 10 гласа ЗА. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Претседателот на совет** истакна дека точките останувaат на дневен ред и дека советот започнува со работа по дневниот ред.

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување дневниот ред за оваа седница и истиот не се усвои со 10 гласа ЗА. 10 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Бидејќи, не се усвои дневниот ред, **Претседателот на советот** ја затвори седницата во 9 часот и 30 минути и информира дека советниците ќе бидат информирани кога ќе се одржи нова седница.

Совет на општина Кичево

Записничар — Претседател

Ленче Србиноска — Скендер Џабири